Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 14-12692/2
21.12.2018 година
Аминта трети бр. 2,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), донесе

## РЕШЕНИЕ
### за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2018 година изнесува 400,00 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 13.12.2018 година од Македонската риболовна федерација е доставен допис број 03-95 од 13.12.2018 година во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2019 година која согласно член 49 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ја издава Македонската риболовна федерација .

Во доставениот допис е наведено дека предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби и дека истиот е наменет за реализација на активностите предвидени во доставената и одобрена Програма на Македонската риболовна федерација за 2019 година.

Согласно горенаведеното се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2019 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани